ОРЦЕ НИКОЛОВ
Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА



ПОЧИТУВАНИ РОДИТЕЛИ И ДЕЧИЊА
ДОБРОДОЈДОВТЕ ВО ГРАДИНКА!!!

АЈДЕ СИТЕ ЗАЕДНО, НИЗ ИГРИ И АКТИВНОСТИ ДА СЕ ОБИДЕМЕ ДА ИМ ПОМОГНЕМЕ И ВОЕДНО ДА ИМ ГО ОЛЕСНИМЕ ПОВТОРНОТО ТРГНУВАЊЕ НА НАШИТЕ ДЕЧИЊА ВО ГРАДИНКА

## УТРИНСКИ ПОЗДРАВИ

УТРИНСКИОТ ПОЗДРАВ КАКО ДЕЛ ОД РУТИНАТА ГО ПОТТИКНУВА ЧУВСТВОТО НА ПРИПАДНОСТ НА ДЕТЕТО ВО ГРУПАТА,ПОВРЗАНОСТА НА ДЕЦАТА МЕЃУСЕБЕ И СО ВОСПИТУВАЧОТ. ОБИДЕТЕ СЕ И ВИЕ ДА ОСМИСЛИТЕ ИНТЕРЕСНИ ПОЗДРАВИ ЗАЕДНО СО ВАШЕТО ДЕТЕ (МОЖЕ ДА БИДЕ ДВИЖЕЊЕ, ПЕСНИЧКА...) СЛЕДАТ НЕКОЛКУ ПРИМЕРИ КОЈ НИЕ КЕ ГИ ПРАКТИКУВАМЕ ВО ГРАДИНКА .












## ДНЕВНИ РУТИНИ

ДНЕВНИТЕ РУТИНИ НА ДЕЦАТА, ВО РАМКИ НА СЕМЕЈСТВОТО И РУТИНИТЕ ВО ГРАДИНКА, КО СЕ ДОБРО ИСПЛАНИРАНИ, ОРГАНИЗИРАНИ И ПРЕПОЗНАТЛИВИ ЗА ДЕЦАТА, ГО ПОТТИКНУВААТ И ЗГОЛЕМУВААТ ЧУВСТВОТО НА СИГУРНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ, ГИ РАЗВИВААТ ВЕШТИНИТЕ, ЗДРАВИТЕ НАВИКИ, ОДГОВОРНОСТА, ПРЕДВИДЛИВОСТА .... ОСМИСЛУВАЊЕТО НА ЕДНОСТАВНА ПЕСНИЧКА ЗАЕДНО СО ДЕЦАТА ОВОЗМОЖУВА ДЕЛ ОД РУТИНАТА ДА БИДЕ ЗАБАВНА ИГРА!!



### САПУНЧЕ

САПУНЧЕ, САПУНЧЕ, БЕЛИ ПЕНИ ПРАВИ
ДА СЕ СИТЕ ДЕЧИЊА ВЕСЕЛИ И ЗДРАВИ
ОГЛЕДАЛЦЕ МИЛО КАЖИ МИ ТИ ПРАВО
КОМУ МАМА ДЕНЕС КЕ МУ КАЖЕ БРАВО!!

## ДНЕВНИТЕ РУТИНИ НА ДЕЦАТА МОЖЕ ДА ИМ СЕ ПРЕТСТАВАТ И ПРЕКУ ИНТЕРЕСНИ СЛИКИ КОИ ГО ПРИКАЖУВААТ РЕДОСЛЕДОТ НА АКТИВНОСТИТЕ







# ОСМИСЛУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСНИ ИГРИ

КРЕАТИВНО ОСМИСЛУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСНИ АКТИВНОСТИ И ИГРИ КОИ НА ЗАБАВЕН НАЧИН ЌЕ ПОМОГНАТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПОТРЕБНОТО СОЦИЈАЛНО ДИСТАНЦИРАЊЕ



## ПТИЦИ ВО ГНЕЗДО

ИГРА КОЈА ГИ ПОВИКУВА ДЕЦАТА ДА СТАНАТ ИЛИ ДА СЕДНАТ НА ОБЕЛЕЖАНИТЕ МЕСТА ПОРАДИ ДОГОВОР ЗА НЕКОЈА СЛЕДНА АКТИВНОСТ. ДЕЦАТА СЕ „ПТИЦИ“ КОИ СЛОБОДНО ГИ ШИРАТ СВОИТЕ „КРИЛЈА“, СЕДНУВААТ НА СВОИТЕ МЕСТА И ИМААТ ДОВОЛНО ПРОСТОР

# ИНТЕРЕСНИ МАСКИ

СИТЕ НОСИМЕ МАСКИ!!! РОДИТЕЛИТЕ И ВОСПИТУВАЧИТЕ МОРААТ ДА НОСАТ ЗАШТИТНИ МАСКИ, А ДЕЦАТА ДОКОЛКУ САКААТ МОЖАТ ДА ИЗРАБОТАТ И ДА НОСАТ ИНТЕРЕСНИ МАСКИ. ДА СЕ ОБИДЕМЕ ДА ИЗРАБОТИМЕ МАСКИ!!







# ЈАС СУМ СУПЕРХЕРОЈ

ИГРИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ВО КОИ ШТО ДЕТЕТО Е СУПЕРХЕРОЈ ЈА ПОТТИКНУВААТ ИМАГИНАЦИЈАТА И ВОЕДНО МУ ОВОЗМОЖУВААТ ДА СЕ ОСЛОБОДИ, ПОЛЕСНО ДА СЕ АДАПТИРА НА УСЛОВИТЕ, ДА СЕ ПОЧУВСТВУВА КОМПЕТЕНТНО, ДА ИСТРАЖИ И СТЕКНЕ НОВИ ВЕШТИНИ, ДА СЕ ЗАБАВУВА.





# ИГРАМЕ ВО ДВОР

ПОИНТЕРЕСНО Е ДОКОЛКУ КРЕАТИВНИТЕ И ИСТРАЖУВАЧКИ ИГРИ СЕ НАДВОР, ВО ПРИРОДА, НА ОТВОРЕН ПРОСТОР, СО ПРИРОДНИ МАТЕРИЈАЛИ.







ОРЦЕ НИКОЛОВ
Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА

Изработил: психолог Ценче Башоска
Ј.У.О.Д.Г „Орце Николов“